

**ДВАЕСЕТ И ВТОРОТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО ВЕЧНИО ГРАД РИМ ВО 1990 ГОДИНА**

***На годинешните „Денови на културата во Италија" , кои се одржаапо повод чествувањето на свети Кирил, беше презентиран дел од културното творештво на Македонија и пошироко. Оваа значајна манифестација се одржа во периодот од 21 до 26 мај, а на програмата на чествувањето беа застапени следните содржини: се одржа молебен на гробот на свети Кирил во црквата „Свети Климент" .***

Потоа, проф. д-р Цветан Грозданов, декан на Филозофскиот факултет одржа предавање на тема: „*Живописот на Охридската архиепископија од X до XI век меѓу*

*Цариград и Рим",* се одржа изложба на фотографииод манастирот Студеница, додека флејтистот Никола Атанасов, тромбонистотКирил Рибарски, во придружба на пијано од Милица Шперовиќ-Рибарски, како и Александар Ивановиќ, мецосопран, во придружбана пијано од Оливера Ѓурѓевиќ одржаа концерти кои со одушевувањебеа примени од публиката.

Овогодишната државна делегација од Македонија, а таа ја претставуваше и Југославија, ја предводеше Драгољуб Ставрев, член на Претседателството на СР Македонија, и проф. д-р Цветан Грозданов, декан на Филозофскиот факултет во Скопје, Александар Димитров од Републичкиот секретаријат за односи со странство беше секретар на делегацијата, а службен преведувач беше проф. Наум Китановски.

Црковната делегација, пак, ја предводеше митрополитот австралиски и администратор дебарско-кичевски г. Тимотеј, во придружба на ѓаконот Димитар Белчовски, професор на Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски" од Скопје.

Во текот на чествувањето во Рим, државната делегација имаше средба во Ватикан со Анѓела Содана, секретар за односи со државите, како и со државниот секретар на Светата столица, кардиналот Казароли. Во разговорот беа разменети мислења за културната и за меѓународната соработка меѓу Ватикан и Југославија, а во тие рамки и Македонија.

Делегацијата на Македонската православна црква и во оваа пригода, како што тоа го чини над дваесет години , во името на Македонската православна црква му оддаде достоинствена почит на сесловенскиот просветител свети Кирил, чија дејност остави неизбришливи траги во ширењето на културата и христијанството, не само меѓу словенските народи, туку и во светот воопшто.


ST. CLEMENTE
ROME





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**